# СОВЛАДУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ПО МАТЕМАТИКА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА ПРЕКУ ПРИКАЗНИ И ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ

*Тања Бајрактарова Веда*
*СУГС „Шаип Јусуф“, Скопје*
e-mail: tanja.vedda@gmail.com

Методологијата на наставата по математика има комплексна концепција. За да се рече дека одреден наставник има добра методологија, треба да бидат задоволени многу критериуми, но и да се исполнат многу услови. Не би можело само да се каже дека доволно е знаењето од областа на математиката. Искуството е многу важно, но во линија со него, а речиси најважни, се желбата и љубовта да се пренесе знаењето на учениците. Оттаму произлегува и поривот да се пронајдат нови интересни начини како да се направи тоа и учениците да бидат задоволени, исполнети и среќни.

Целта на оваа презентација е предлог метод во одделенската настава по математика кој би бил речиси унифициран во поглед на негова ефективна реализација. Метод кој би бил изедначен во речиси секоја паралелка, за кој било ученик. Метод кој би дал равенство без разлика кои променливи би се внеле во него, затоа што тој нема да зависи од променливите, туку само од оној кој го спроведува методот. Имено, во овој текст ќе се зборува за начинот на предавање на наставните содржини по математика од прво до петто одделение преку математички приказни и театарски игри.

Дали овој пристап и начин на учење на математичките содржини е ефективен? Дали го задржува вниманието на учениците и го развива интересот и љубовта кон математиката? И дали го проширува знаењето на ученикот паралелно со проширување на самодовербата како клучна во себеизразувањето? Се надевам дека оваа презентација ќе им помогне на наставниците во реализација на наставните содржини по математика.